Врз основа на член 128 став 1 алинеја 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на службената легитимација и значка, како и начинот на издавање на службената легитимација и значка на Полицијата.

Член 2

Образецот на службената легитимација на полициските службеници е со димензија 6 x 9,5 см. кој е сместен во троделна кожна обвивка со црна боја, големина 7 x 31 см. (Образец бр. 1 и 2).

Образецот на службената легитимација е сместен во внатрешната горна страна од кожната обвивка, под проѕирна пластична фолија.

На предната страна образецот на службената легитимација содржи: натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“ и „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА“. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5 x 3 см., а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на полицискиот службеник и потпис на лицето овластено за издавање на службената легитимација. Во долниот дел на златно–жолта подлога со црвена боја е отпечатен серискиот број.

Задната страна на образецот содржи отпечатен симбол на Република Македонија под кој се впишуваат податоци за: датумот и местото на раѓање на полицискиот службеник, неговото живеалиште, датумот на издавањето на службената легитимација, регистарскиот број и крвната група на полицискиот службеник.

На внатрешната долна страна од кожната обвивка се наоѓа метална значка, која во горниот дел содржи сериски број, истоветен со серискиот број на легитимацијата. Значката на средишниот дел содржи симбол на Република Македонија, со натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ и „ПОЛИЦИЈА“.

Обрасците број 1 и 2 од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

Член 3

Службените легитимации се издаваат за време додека работникот согласно Законот за полиција има статус на полициски службеник.

Полицискиот службеник на кого ќе му престане работниот однос во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) или ќе биде распределен на работно место кое не е предвидено за полициски службеник, ја враќа службената легитимација на Министерството.

Член 4

Полицискиот службеник кој патува во странство не може да ја носи со себе издадената службена легитимација.

Член 5

Полицискиот службеник кој ќе ја загуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа веднаш ја известува соодветната организациона единица на Министерството.

Член 6

Службената легитимација се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на службената легитимација ќе го промени личното име.

Член 7

Службените легитимации што се враќаат или заменуваат се ништат.

Член 8

За издадените службени легитимации на полициските службеници се води евиденција.

Евиденцијата за издадените службени легитимации содржи: реден број, име и презиме на полицискиот службеник на кого му е издадена службената легитимација, датум на издавањето, сериски број на службената легитимација, назив на организационата единица на Полицијата каде што полицискиот службеник е распореден и рубрика за забелешки.

Редниот број на евиденцијата под кој е извршен упис на податоците се впишува во службената легитимација како регистарски број.

Во рубриката за забелешки се запишуваат измените на податоците од ставот 2 на овој член.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр. 131-32678/1
14 мај 2007 година
Скопје

Министер,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Образец бр. 1


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

Име

Презиме

Потпис на овластено лице

13270

РМ

Датум на раѓање

Место

Издадена

Рег. број

Крвна група

Образец бр. 2

